| 717131 | Комунална Такса за користење на просторот пред деловни простории за врШење на дејност | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 717132 | Комунална Такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 717134 | Комунална Такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 717135 | Комунална Такса за користење на плоШтади и друг простор во градовите и другите населени места,со цел изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за врШење на дејност | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 717137 | Надомест за уредување на градежно земјиШте | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 717140 | Камата за ненавремено плаЌање на комунални Такси кои се приход на елс | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 718134 | Надомест за управување со отпад на опШтината, односно градот скопје | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 722315 | Административни Такси кои се плаЌаат за списите и дејствијата кај органите на опШтината | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 722316 | Други локални Такси | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 723011 | Такси за диплома и сертификат | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 723111 | целодневна и претШколска грижа | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 723112 | Средства за екскурзии | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 723113 | школарини за недипломски курсеви и семинари | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 723114 | Станарини во ученички и студентски домови | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 723115 | Такси за учество во студентски клубови | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 723116 | Надоместоци за оброци во ученички и студентски домови, училиШта, градинки и други институции | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 723119 | Други помоШни активности во образованието | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 723212 | Книги и други материјали за образование | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 723216 | Лекови и вакцини | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 723914 | Приходи од закупнина на опШтински имот | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 724125 | Приходи од тендери (јавни нарачки) | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 725917 | Приходи на месните заедници, местен самоПридонес и други Приходи на месните заедници | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 725922 | Приходи од осигурување на имот | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 725930 | Приходи на органите на управата | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 725939 | Останати неданочни Приходи | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 731117 | Приходи од продажба на опШтински имот | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 733111 | Приходи од продажба на неизградено градежно замјиШте во сопственост на република македонија | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 733115 | Приходи од закуп на земјоделско земјиШте во сопственост на државата | 0 | 0 | 0 | 0,000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 733119 | Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на простор) | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 733120 | Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на експлоатирана минерална суровина) | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 733131 | Приходи од Надомест за долготраен закуп и времен закуп на градежно земјиШте | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 733144 | Надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 733145 | Надомест за Издавање на согласност и одобрение за потврдување на бесправен објект или оранжерија изграден на земјоделско земјиШте | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 741113 | Трансфери од буџетите на фондовите | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 741114 | Пренесен виШок на Приходи од претходната година | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 741115 | Дотации на опШтината, од Приходи од ддв | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 741120 | Блок дотации на опШтината по одделни намени | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 741211 | Капитални трансфери од други нивоа на власт | 183.400 | 183.384 | 16 | 99,991 |
| 742114 | Приходи од европската унија | 7.400.000 | 7.069.544 | 330.456 | 95,534 |
| 742115 | Приходи од европските држави | 3.460.000 | 2.305.751 | 1.154.249 | 66,640 |
| 742119 | Други опШти и тековни донации | 1.000.000 | 0 | 1.000.000 | 0,000 |
| 754111 | Други домаШни задолжувања | 0 | 0 | 0 | 0,000 |

# Реализација на расходи на сметка за донации

| Потставка | Опис на потставката | П Л А Н | РЕАЛИЗАЦ. | ОСТАТОК | ПРОЦ. |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **12.436.700** | **9.103.772** | **3.332.928** | **73,201** |
| **FD0** | **УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (КАПИТАЛНИ** | **7.400.000** | **7.069.544** | **330.456** | **95,534** |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **7.400.000** | **7.069.544** | **330.456** | **95,534** |
| 482 | Други градежни објекти | 7.400.000 | 7.069.544 | 330.456 | 95,534 |
| 482120 | Изградба на улици, патиШта и автопати | 7.400.000 | 7.069.544 | 330.456 | 95,534 |
| **L00** | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | **1.200.000** | **45.000** | **1.155.000** | **3,750** |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **1.200.000** | **45.000** | **1.155.000** | **3,750** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 1.000.000 | 0 | 1.000.000 | 0,000 |
| 463110 | Трансфери до здруженија на граЃани и фондации | 1.000.000 | 0 | 1.000.000 | 0,000 |
| 464 | Разни трансфери | 200.000 | 45.000 | 155.000 | 22,500 |
| 464990 | Други трансфери | 200.000 | 45.000 | 155.000 | 22,500 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **3.653.300** | **1.805.844** | **1.847.456** | **49,430** |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **1.583.210** | **420.483** | **1.162.727** | **26,559** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 345.400 | 91.405 | 253.995 | 26,464 |
| 420210 | Патување во странство - хранарина (дневница) | 135.000 | 20.889 | 114.111 | 15,473 |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 61.400 | 9.270 | 52.130 | 15,098 |
| 420230 | Патување во странство - сместување | 132.000 | 57.352 | 74.648 | 43,448 |
| 420240 | Патување во странство - споредни расходи | 17.000 | 3.894 | 13.106 | 22,906 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 309.300 | 193.300 | 116.000 | 62,496 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 45.000 | 0 | 45.000 | 0,000 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 40.000 | 0 | 40.000 | 0,000 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 193.300 | 193.300 | 0 | 100,000 |
| 423990 | Други материјали | 31.000 | 0 | 31.000 | 0,000 |
| 425 | Договорни услуги | 578.510 | 135.778 | 442.732 | 23,470 |
| 425220 | Банкарска провизија | 40.000 | 3.000 | 37.000 | 7,500 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 80.000 | 0 | 80.000 | 0,000 |
| 425990 | Други договорни услуги | 458.510 | 132.778 | 325.732 | 28,959 |
| 426 | Други тековни расходи | 350.000 | 0 | 350.000 | 0,000 |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 100.000 | 0 | 100.000 | 0,000 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 250.000 | 0 | 250.000 | 0,000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **2.070.090** | **1.385.361** | **684.729** | **66,923** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 498.150 | 332.100 | 166.050 | 66,667 |
| 463190 | Останати трансфери до невладини организации | 498.150 | 332.100 | 166.050 | 66,667 |
| 464 | Разни трансфери | 1.571.940 | 1.053.261 | 518.679 | 67,004 |
| 464990 | Други трансфери | 1.571.940 | 1.053.261 | 518.679 | 67,004 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | **183.400** | **183.384** | **16** | **99,991** |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **183.400** | **183.384** | **16** | **99,991** |
| 481 | Градежни објекти | 183.400 | 183.384 | 16 | 99,991 |
| 481220 | Набавка или нова изградба на деловни објекти | 183.400 | 183.384 | 16 | 99,991 |

# Реализација на приходите на с-ката за кредити

| | | 33.000.000 | 15.968.314 | 17.031.686 | 48,389 |
|---|---|---|---|---|---|
| Потставка | Опис на потставката | П Л А Н | РЕАЛИЗАЦ. | ОСТАТОК | ПРОЦ. |
| 711111 | Данок на плати на вработени лица кај корисниците и единките корисници на средства од буџетот на рм, единиците на локалната самоуправа и градот скопје и фондовите основани со закон | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 711112 | Данок на плати на вработени лица во трговски друШтва, јавни претпријатија, кај трговци и кај други правни и физички лица Што врШат дејност кои не се корисници и единки корисници на буџетот | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 711113 | Данок на пензии | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 711114 | Данок на плати остварени во странство | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 711133 | Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 711139 | Данок на доход на Приходи од занаетчиска дејност според пауШално утврден нето приход | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 711140 | Камата за ненавремено плаЌање на персонален Данок на доход од занаетчиска дејност | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 713111 | Данок на имот од физицки лица | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 713112 | Данок на имот по повисока стапка | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 713113 | Данок на имот од правни лица | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 713114 | Данок на имот од физицки лица наплатен по присилен пат | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 713211 | Данок на наследство и подарок | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 713311 | Данок на промет на недвижности | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 713312 | Данок на промет на недвижности по повисока стапка | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 713512 | Камата за ненавремено плаЌање на Данокот на имот | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 717112 | Комунална Такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 717115 | Комунална Такса за користење на улици со патнички, товарни, моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли, Што се плаЌа при регистрација на возилата | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 717116 | Комунална Такса за користење и одржување на јавно осветление | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 717119 | Други Приходи по основа на Комунална дејност | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 717129 | Други комунални Такси | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 717131 | Комунална Такса за користење на просторот пред деловни простории за врШење на дејност | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 717132 | Комунална Такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 717134 | Комунална Такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 717135 | Комунална Такса за користење на плоШтади и друг простор во градовите и другите населени места,со цел изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за врШење на дејност | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 717137 | Надомест за уредување на градежно земјиШте | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 717140 | Камата за ненавремено плаЌање на комунални Такси кои се приход на елс | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 718134 | Надомест за управување со отпад на опШтината, односно градот скопје | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 722315 | Административни Такси кои се плаЌаат за списите и дејствијата кај органите на опШтината | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 722316 | Други локални Такси | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 723011 | Такси за диплома и сертификат | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 723111 | целодневна и претШколска грижа | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 723112 | Средства за екскурзии | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 723113 | школарини за недипломски курсеви и семинари | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 723114 | Станарини во ученички и студентски домови | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 723115 | Такси за учество во студентски клубови | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 723116 | Надоместоци за оброци во ученички и студентски домови, училиШта, градинки и други институции | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 723119 | Други помоШни активности во образованието | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 723212 | Книги и други материјали за образование | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 723216 | Лекови и вакцини | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 723914 | Приходи од закупнина на опШтински имот | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 724125 | Приходи од тендери (јавни нарачки) | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 725917 | Приходи на месните заедници, местен самоПридонес и други Приходи на месните заедници | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 725922 | Приходи од осигурување на имот | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 725930 | Приходи на органите на управата | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 725939 | Останати неданочни Приходи | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 731117 | Приходи од продажба на опШтински имот | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 733111 | Приходи од продажба на неизградено градежно замјиШте во сопственост на република македонија | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 733115 | Приходи од закуп на земјоделско земјиШте во сопственост на државата | 0 | 0 | 0 | 0,000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 733119 | Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на простор) | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 733120 | Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на експлоатирана  минерална суровина) | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 733131 | Приходи од Надомест за долготраен закуп и времен закуп на градежно земјиШте | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 733144 | Надомест за утврдуванје на правен статус на бесправно изградени објекти | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 733145 | Надомест за Издавање на согласност и одобрение за потврдување на бесправен објект или оранжерија изграден на земјоделско земјиШте | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 741113 | Трансфери од буџетите на фондовите | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 741114 | Пренесен виШок на Приходи од претходната година | 0 | 3.737.663 | -3.737.663 | 0,000 |
| 741115 | Дотации на опШтината, од Приходи од ддв | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 741120 | Блок дотации на опШтината по одделни намени | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 741211 | Капитални трансфери од други нивоа на власт | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 742114 | Приходи од европската унија | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 742115 | Приходи од европските држави | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 742119 | Други опШти и тековни донации | 0 | 0 | 0 | 0,000 |
| 754111 | Други домаШни задолжувања | 33.000.000 | 12.230.651 | 20.769.349 | 37,063 |

## Реализација на расходи на сметка за кредити

| Потставка | Опис на потставката | П Л А Н | РЕАЛИЗАЦ. | ОСТАТОК | ПРОЦ. |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **33.000.000** | **14.894.672** | **18.105.328** | **45,135** |
| **JDA** | **ИЗГРАДНА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТАНБЕНИ И СЕРВИСНИ УЛИ** | **33.000.000** | **14.894.672** | **18.105.328** | **45,135** |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **33.000.000** | **14.894.672** | **18.105.328** | **45,135** |
| 482 | Други градежни објекти | 33.000.000 | 14.894.672 | 18.105.328 | 45,135 |
| 482120 | Изградба на улици, патиШта и автопати | 33.000.000 | 14.894.672 | 18.105.328 | 45,135 |



Број 08-3026/4
од 31.08.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Ѓорче Петров
Претседател,
Илија Спасовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена на распоред на средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година**

Се објавува Одлуката за измена на распоред на средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петнаесеттата седница на Советот, одржана на ден 31.08.2018 година.

**Број 09-3152/3**
**од 31.08.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), член 28 точка 1 од Законот за финансирање на единици на локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 15 точка 2 од Статутот на општина Ѓорче Петров-пречистен текст (Сл.весник на општина Ѓорче Петров (Сл.гласник на општина Ѓорче Петров бр. 18/13) и Статутарна Одлука за измени и дополнувања на Статутот на општина Ѓорче Петров (Сл.гласник на општина Ѓорче Петров бр. 13/14), Советот на општина Ѓорче Петров на 15-тата седница одржана на 31.08.2018 година донесе:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров**

**за 2018 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **GD0** | **ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ** | | | | | |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | -400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **LA0** | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)** | | | | | |
| 485580 | Акции и друг капитал | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката за пренамена на средствата влегува во сила со денот на донесувањето и стаı составен дел на Буџетот на општина Ѓорче Петров, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Ѓорче Петров.

Бр. 08-3026/5
31.08.2018

Претседател на Советот на Општината
**Илија Спасовски**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност за одобрување на намена на инвестицијата за реализација на проектот: "Реконструкција на локален пат с.Орман – Чучер Сандево со изградба на мост на река Лепенец – Општина Ѓорче Петров"**

Се објавува Одлуката за давање согласност за одобрување на намена на инвестицијата за реализација на проектот: "Реконструкција на локален пат с.Орман – Чучер Сандево со изградба на мост на река Лепенец – Општина Ѓорче Петров", што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петнаесеттата седница на Советот, одржана на ден 31.08.2018 година.

**Број 09-3152/4**
**од 31.08.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ’ бр.05/2002) и член 16 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (“Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров”број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на статутот на Општина Ѓорче Петров (“Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров ” бр. 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 15-тата седница одржана на ден 31.08.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За давање согласност за одобрување на намена на инвестицијата за реализација на проектот: “Реконструкција на локален пат с.Орман – Чучер Сандево со изградба на мост на река Лепенец – Општина Ѓорче Петров“**

**Член 1**

Се дава согласност за одобрувње на намена на инвестицијата за реализација на проектот: “Реконструкција на локален пат с.Орман – Чучер Сандево со изградба на мост на река Лепенец – Општина Ѓорче Петров“

**Член 2**

Изградбата на мостот на река Лепенец од член 1 на оваа Одлука ќе се реализира со средства од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој на Р.Македонија (АФПЗРР) - Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018год., Мерка 323 - Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја, подточка 1 – инвестиции во локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување на населени места – села со локалитети од значење за начинот на живот и работа на селската популација во должина до 2км.

**Член 3**

Согласно Прграмата на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој на Р.Македонија (АФПЗРР) за 2018год. со мерката 323 предвидено е финансирање во висина од 100% од вредноста на прифатениот и одобрен проект во форма на грант.

По целосна имплементација на проектот, достава на Барање за исплата и целосната документација со која ќе се потврди дека инвестицијата е целосно завршена согласно потпишаниот Договор, АФПЗРР ќе изврши целосна исплата на одобрените средства.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-3026/6**
**од 31.08.2018 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност за одобрување на намена на инвестицијата за реализација на проектот: "Изградба на локален пат с.Орман, с.Волково, с.Кучково, граничен премин Чашка, делница Волково-Кучково, Општина Ѓорче Петров"**

Се објавува Одлуката за давање согласност за одобрување на намена на инвестицијата за реализација на проектот: "Изградба на локален пат с.Орман, с.Волково, с.Кучково, граничен премин Чашка, делница Волково-Кучково, Општина Ѓорче Петров", што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петнаесеттата седница на Советот, одржана на ден 31.08.2018 година.

**Број 09-3152/5**
**од 31.08.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ' бр.05/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст ("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров"број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на статутот на Општина Ѓорче Петров ("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров " бр. 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 15-тата седница одржана на ден 31.08.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**За давање согласност за одобрување на намена на инвестицијата за реализација на проектот: "Изградба на локален пат с.Орман, с.Волково, с.Кучково, граничен премин Чашка, делница Волково-Кучково, Општина Ѓорче Петров"**

**Член 1**

Со одлуката се дава согласност за одобрување на намена на инвестицијата за реализација на проектот: "Изградба на локален пат с.Орман, с.Волково, с.Кучково, граничен премин Чашка, делница Волково-Кучково, Општина Ѓорче Петров"

**Член 2**

Изградбата на делницата Волково-Кучково од локалниот пат од член 1 на оваа одлука ќе се реализира со средства од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој на Р.Македонија (АФПЗРР) - Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018год., Мерка 321 - развој на јавна инфраструктура во руралните средини, подточка 1 – изградба на локална патна инфрстуктура (вклучително и мостови) за поврзување меѓу две или повеќе населени места во руралните средини во должина од 5км.

**Член 3**

Согласно Прграмата на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој на Р.Македонија (АФПЗРР) за 2018год. со мерката 321 предвидено е финансирање во висина од 100% од вредноста на прифатениот и одобрен проект во форма на грант.

По целосна имплементација на проектот, достава на Барање за исплата и целосната документација со која ќе се потврди дека инвестицијата е целосно завршена согласно потпишаниот Договор, АФПЗРР ќе изврши целосна исплата на одобрените средства.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-3026/7**
**од 31.08.2018 година**
**С к о п је**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност за одобрување на намена на инвестицијата за реализација на проектот: "Изградба на раскрсница (кружен тек) во село Волково, со краци према пруга, с.Орман и с.Кучково, Општина Ѓорче Петров"**

Се објавува Одлуката за измена и дополна на програмата N1-Основно образование, за изградба и реконструкција на огради во ООУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски" и ООПУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски", Хром, Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петнаесеттата седница на Советот, одржана на ден 31.08.2018 година.

**Број 09-3152/6**
**од 31.08.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ' бр.05/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст ("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров"број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на статутот на Општина Ѓорче Петров ("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров " бр. 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на седницата одржана на ден 31.08.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**За давање согласност за одобрување на намена на инвестицијата за реализација на проектот: "Изградба на раскрсница (кружен тек) во село Волково, со краци према пруга, с.Орман и с.Кучково, Општина Ѓорче Петров"**

**Член 1**

Се дава согласност за одобрување на намената на инвестицијата за реализација на проектот: "Изградба на раскрсница (кружен тек) во село Волково, со краци према пруга, с.Орман и с.Кучково, Општина Ѓорче Петров".

**Член 2**

Изградбата на раскрсницата (кружен тек) од член 1 на оваа одлука ќе се реализира со средства од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој на Р.Македонија (АФПЗРР) - Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018год., Мерка 322 - Обнова и развој на селата, подточка 1 – инвестиции за изградба и/или реконструкција на улици во населени места во руралните средини (вклучително и атмосферска канализација и пешачки елементи) во должина од 1км.

**Член 3**

Согласно Прграмата на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој на Р.Македонија (АФПЗРР) за 2018год. со мерката 322 предвидено е финансирање во висина од 100% од вредноста на прифатениот и одобрен проект во форма на грант.

По целосна имплементација на проектот, достава на Барање за исплата и целосната документација со која ќе се потврди дека инвестицијата е целосно завршена согласно потпишаниот Договор, АФПЗРР ќе изврши целосна исплата на одобрените средства.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-3026/8** | **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 31.08.2018 година** | **Претседател,**
**С к о п ј е** | **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за прифаќање и подршка на проектот „Енергетско ефикасни домови“ во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за прифаќање и подршка на проектот „Енергетско ефикасни домови“ во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петнаесеттата седница на Советот, одржана на ден 31.08.2018 година.

**Број 09-3152/7**
**од 31.08.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 67-а од Законот за градење (Сл. Весник на РМ 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14,115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 39/16, 71/16, 132/16 35/18 и 64/18) и член 101 од Законот за домување, (Службенѕ Весник на Р.М бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18), член 79 од Статутот на општина Ѓорче Петров-пречистен текст („Службен Гласник на општина Ѓорче Петров„ бр.18/13) и Меморандум за соработка на општина Ѓорче Петров со Хабитат Македонија, градоначалникот на општина Ѓорче Петров му предлага на Советот на Општина Ѓорче Петров на 15-та седница, одржана на ден 31.08.2018 година да донесе

**О Д Л У К А**
**За прифаќање и подршка на проектот „Енергетско ефикасни домови"**
**во Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Одлуката се донесува врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка на општина Ѓорче Петров со Хабитат Македонија со цел за спроведување на активности во делот на енергетски ефикасни интервенции на колективни станбени згради во општина Ѓорче Петров, преку проектот „енергетски ефикасни домови"(ЕЕД).

**Член 2**

Со Одлуката се утврдува услови за спроведување на активностите од проектот за „енергетска ефикасност на домовите"(ЕЕД) во соработка со Хабитат Македонија за примена на мерки за енергетска ефикасност (ЕЕ).

**Член 3**

Со правилник прецизно се уредуваат: постапката, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и подршка врз основа на кои Општина Ѓорче Петров, согласно законските прописи и подзаконските акти, во рамките на средствата наменети во Буџетот на Општината ќе дава подршка и ќе го реализира преоктот за „енергетски ефикасни домови" на територијата на Општина Ѓорче Петров.

**Член 4**

Корисници на подршката се Задниците на сопственици (ЗС) или Управители (УСЗ) на колективни станбени згради (во понатамошниот текст: Корисници).

Поддршката се состоии од техничка и финансиска активности, а ќе ја добиваат корисниците кои ќе ги исполнат условите утврдени со Правилникот.

**Член 5**

Начинот на спроведување на активности се врши јавно и транспарентно и започнува со објавување на јавен повик за пројавување на интерес од страна на легално формираните Заедници на сопственици (ЗС) или нивните Управители согласно законот за домување.

Постапката ќе ја спроведува комисија формирана од градоначалникот на општина Ѓорче Петров составена од претставници на општина Ѓорче Петров и Хабитат Македонија. Комисијата го изработува и објавува јавниот повик на веб страната на општината и на огласната табла, врши евалуација на доставените барања за интерес од страна на Заедниците на сопственици или Управители.

**Член 6**

Листата на апликанти кои се прифатливи за подршка од проектот „Енергетски ефикасни домови" јавно се објавува на веб страната на општината и на огласната табла и има важност во период од три години од денот на објавувањето се до целосно искористување на средствата согласно финансиската рамка на Хабитат Македонија и општина Ѓорче Петров во наредните три фискални години.

**Член 7**

Се задолжува градоначалникот на општина Ѓорче Петров во рок од 10 дена сметано од стапувањето на сила на Одлуката и Правилникот, да формира Комисија за спроведување на активностите на проектот „Енергетско ефикасни домови" во Ѓорче Петров.

**Член 8**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-3026/9** — **Совет на Општина Ѓорче Петров**

**од 31.08.2018 година** — **Претседател,**

**С к о п је** — **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и подршка во проектот „Енергетски ефикасни домови“ на станбени згради за колективното домување во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и подршка во проектот „енергетски ефикасни домови“ на станбени згради за колективното домување во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на на Петнаесеттата седница на Советот, одржана на ден 31.08.2018 година.

**Број 09-3152/8**
**од 31.08.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 67-а од Законот за градење (Сл. Весник на РМ 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14,115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 39/16, 71/16, 132/16 35/18 и 64/18) и член 101 од Законот за домување, (Службенѕ Весник на Р.М бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18) и член 79 од Статутот на општина Ѓорче Петров-пречистен текст („Службен Гласник на општина Ѓорче Петров„ бр.18/13), градоначалникот на општина Ѓорче Петров му предлага на Советот на Општина Ѓорче Петров на 15-та седница , одржана на ден 31.08.2018 година да донесе

# ПРАВИЛНИК
## за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и подршка во проектот „енергетски ефикасни домови" на станбени згради за колективното домување во Општина Ѓорче Петров

### Општи одредби

#### Член 1

Со Правилникот се уредуваат: условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање врз основа на кои Општина Ѓорче Петров, согласно законските прописи и подзаконските акти, во рамките на средствата наменети во Буџетот на Општината ќе го подржи проектот за „енергетски ефикасни домови" на територијата на општина Ѓорче Петров.

#### Член 2

Корисници на субвенции и поддршка се Заедниците на сопственици (ЗС) или Управители (УСЗ) на станбени згради за колективното домување (во понатамошниот текст: Корисници), кои аплицираат врз основа на јавен повик за поддршка проектот на „енергетски ефикасни домови", преку пополнување на апликација. На тој начин се стекнуваат со право на можност за субвенционирање на инвестиции со мерки за енергетска ефикасност, односно поставување на енергетски ефикасна фасада и промена или поставување на енергетски ефикасен кров.

#### Член 3

Целта на овој правилник е остварување на политиките за енергетска ефикасност на зградите преку мерки и активности за ефикасно користење на енергијата, а одредбите од овој правилник се применуваат за станбените згради за колективно домување на територијата на општина Ѓорче Петров во насока на подобрување на енергетската ефикасност и заштеда на енергија.

#### Член 4

Правилникот е изработен во соработка со Хабитат Македонија врз база на нивното долгогодишно практично искуство, а врз основа на потпишаниот меморандум за соработка.

Процесот на субвенционирање ќе се заснова врз начелата на: јавност, објективност, недискриминација, транспарентност, ефикасност и економичност.

**Услови и критериуми за субвенционирање и категоризација на згради**

**Член 5**

Општи услови кои треба да бидат целосно исполнети од страна на потенцијалните Корисници на поддршката, односно да бидат потенцијални партнери во проектот се следниве:

- Да се регистрирани како Заедници на сопственици или имаат Управители согласно Законот за домување за што доставуваат решение од Централен регистар или договор со Управител кои се евидентирани во Регистарот на Заедници на сопственици кој го води општина Ѓорче Петров, и
- Да немаат долгови, како Заедници на сопственици или Управители и други финансиски обврски.

**Член 6**

Посебните условите кои треба да бидат целосно исполнети од страна на потенцијалните Корисници за субвенционирање, односно да бидат потенцијални партнери во проектот се следниве и тоа:

- Станбените згради за колективно домување да биде постари од 25 години,
- Да имаат минимум 51% од станарите потпишана изјава за учество во проектот ЕЕД со мерки за ЕЕ за делови со заедничка сопственост на фасада и кров од станбените згради за колективно домување за што доставуваат копии од изјавите (изјавите се заверуваат на нотар),
- Да имаат минимум 70% од станарите потпишана изјава за сопствено учество во проектот ЕЕД со мерки за ЕЕ за делови со индивидуална сопственост (прозори) од станбена зграда за колективно домување за што доставуваат копии од изјавите (изјавите се заверуваат на нотар),
- Одлука од Заедница на станарите или преку овластен Управител за реновирање на зградата за колективно домување односно воведување на мерки за енергетска ефикасност.
- Имотен лист со кој се докажува сопственоста ,
- Корисници на субвенции на зградата како целина и Корисници на субвенции како поединечни влезови од згради, по исполнување на условите,
- Сопствениците на станови да се согласни да дозволат анкетирање, мерења за изработка на техничка документација и промотивни активности на нивната зграда/стан.

**Член 7**

Одредбите во овој правилник не се однесуваат на следните категории на згради и делови од згради:

- Згради кои имаат помалку од 2 ката со приземје,
- Згради и споменици заштитени како специјални архитектонски или историски вредности, кај кои исполнување на барањата би било не прифатливо поради промена на карактерот или изгледот на објектот,
- Згради кои служат за религиозни цели,
- Времени објекти со планирано време на употреба од 2 години или пократко,

- Станбени објекти чија планирана употреба е пократка од 4 месеци во текот на годината,
- Сопствениците на деловните објекти во колективните станбени згради не може да бидат корисници на субвенциите за воведување на мерки за енергетска ефикасност
- Дел од зградата кој се смета за внатрешен заеднички простор на станарите (влез, ходници и подрумски простории) кои не се во опфатот на субвенционирање.

**Висина на субвенционирање**

**Член 8**

Субвенционирањето ќе биде поддржано со финансиски средства од буџетот на општина Ѓорче Петров, Програма ГД, во висина од 30%, но не повеќе од 1.000.000 денари од вкупниот износ на вредноста на енергетски ефикасни мерки на станбената зграда за колективно домување за секоја одобрена апликација, поднесена од Заедница на станари или Управителот на станбената зграда врз основа на доставената најниска понуда за материјали и работни позиции за секоја од мерките за енергетска ефикасност.

Сопствениците на станови во станбените згради за колективно домување преку кредитирање или во готово ќе ги обезбедат преостанатите финансиски средства во висина од 70% од вкупниот износ од вредноста на инвестицијата со мерки за енергетска ефикасност.

**Член 9**

Ако одреден сопственик на посебен дел кој живее во колективна станбена зграда, а зградата е избрана за субвенционирање и подршка за реконструкција со мерки за енергетска ефикасност е социјален случај, тогаш делот од трошокот за тоа семејство или лице од страна на општина Ѓорче Петров од Програма ГД, ќе се субвенционира во висина од 100% од вредноста на инвестицијата во енергетски ефикасни мерки.

Семејството или лицето својот статус на социјален случај го докажува со документ од соодветна надлежна социјална институција дека е примател на редовна парична помош и нема други примања.

**Начин на спроведување на субвенционирањето**

**Член 10**

За реализирање на средствата врз основа на критериумите и условите со овој Правилник, Општината објавува јавен повик кој се објавува во електронска форма на веб страната на Општина Ѓорче Петров, во печатена форма на сите јавни објекти во општината, објавување до електронски медиуми со кои општината има соработка, како и со смс порака до секој претседател на Заедница на сопственици и Управители за кои има податоци во регистарот на станбени згради за колективно домување.

Рокот за поднесување на апликациите ќе трае 20 дена сметајќи од денот на објавување на јавниот повик, со можност за негово продолжување во зависност од искористеноста на предвидените средства за тековната година.

При спроведување на постапката, согласно динамиката, потенцијалните корисници ќе бидат континуирано известувани за степенот на искористување на предвидените

средства, односно за износот на преостанати средства на веб страната на Општина Ѓорче Петров.

**Начин на аплицирање и содржина на апликација**

**Член 11**

За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од овој Правилник, Градоначалникот на општина Ѓорче Петров ќе формира Комисија од 5 члена и тоа тројца од општина Ѓорче Петров и двајца од Хабитат Македонија од кои еден е претседател и еден технички секретар кој админстративно ја води Комисијата, при што доставува годишен извештај за својата работа до Советот и Градоначалникот.

Комисијата има право и должност да ги провери податоците во Апликацијата, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни лица или овластени лица да направат увид на лице место, како и да бара друга дополнителна документација, при што за својата работа Комисијата составува записник. Во записникот се утврдува листа на потенцијални корисници за субвенционирање и поддршката за проектот `енергетски ефикасни домови` по редослед базиран на условите и критериумите кои се дефинирани во овој Правилник, а првенство за субвенционирање ќе имаат апликантите кои што први ќе ја комплетираат документацијата во соработка со Хабитат Македонија.

**Член 12**

Јавниот повик за субвенционирање на мерки за енергетска ефикасност ќе ги содржи следните елементи:

- опис на објектите за колективно домување за кои што станарите можат да аплицираат,
- процентот на учество на корисниците кои сопственото учество ќе го обезбедат како дел со сопствени средства или заем,
- потребната документација која треба да се поднесе заедно со Апликацијата за користење на субвенции за воведување на мерки за енергетска ефикасност во згради за колективно домување,
- услови кои станарите што аплицираат треба да ги исполнат.

По јавниот повик сите апликанти кои што ќе ги исполнат условите ќе бидат прифатени со првенство за барателите/апликантите кои што први ќе ја комплетираат документацијата. Јавниот повик ќе трае до исцрпувањето на средствата предвидени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за оваа намена за тековната година.

**Начин на објавување на резултати**

**Член 13**

Комисијата листата ја објавува на веб страната на општината и на огласната табла на општината, а се доставува и Известување до секој апликант посебно со соодветни податоци за постапката и насоки за понатамошна постапка на реализација на поддршката за проектот `енергетски ефикасни домови`.

Оваа листа има важност во период од три години од денот на објавувањето се до целосно искористување на средствата согласно финансиската рамка на Хабитат Македонија и општина Ѓорче Петров во наредните три фискални години.

**Избор на изведувач**

**Член 14**

Комисијата дава техничка поддршка на Заедницата на сопственици или Управители при изработка и доставување барање за прибирање на понуда до најмалку три понудувачи врз основа на техничка спецификацијата од проектната документација, при што изборот на градежна фирма (изведувач) го врши Заедницата на сопственици или мнозинството од станарите со носење на одлука за избор на изведувач**.**

**Член 15**

За следење на квалитетот на изведување на мерките за енергетска ефикасност при реконструкција на станбени згради за колективно домување од страна на Градоначалникот општина Ѓорче Петров ќе се формира надзорно тело од три стручни лица и тоа два претставника од општина Ѓорче Петров и еден од Хабитат Македонија.

**Потпишување на договор за субвенционирање**

**Член 16**

Општина Ѓорче Петров, по предлогот на Комисијата за имплементација на мерките за обезбедување субвенционирање и поддршка во подобрувањето на енергетската ефикасност во колективните станбени згради, а врз основа на Јавниот повик за субвенционирање на мерки за енергетска ефикасност, по комплетирањето на сите потребни документи, може да склучи:

- Договор за субвенционирање и подршка со Заедницата на станари или управителот на зградата, и
- Договор за исплата на субвенцијата со Хабитат Македонија, како институција која обезбедува целосно кредитирање.

Во договорите помеѓу Општина Ѓорче Петров и заедниците на станари или овластениот управителот на зградата и Хабитат Македонија ќе се утврдува износот на средства за субвенционирање и поддршка од Општина Ѓорче Петров врз основа на доставената техничка спецификација, којшто ќе изнесува 30%, но не повеќе од 1.000.000 денари од вкупната инвестиција на база на утврдената техничка спецификација за секој проект посебно, а врз основа на доставената најниска понуда за материјали и работни позиции за секоја од мерките за енергетска ефикасност.

**Член 17**

По целосно спроведената постапка Хабитат Македонија ќе обезбеди финансиска поддршка во форма на заеми на целиот износ на инвестицијата за изведба на ЕЕ мерки, а по извршување на технички прием и доставување на завршната ситуација за позициите наменети за енергетска ефикасност, прегледани и потпишани од страна на надзорното тело,

општина Ѓорче Петров ќе изврши исплата на субвенцијата кон Хабитат Македонија, а Хабитат Македонија ќе изврши корекција во амортизационите планови на заемокорисниците, односно ќе ги намали во висина на исплатената субвенција сразмерно.

**Техничка поддршка**

**Член 18**

Техничката поддршка се состои во изработка на техничка документација за реновирање на станбената зграда, која ќе дефинира мерки за подобрување на енергетската ефикасност на зградата, односно поставување на енергетски ефикасна фасада и промена или поставување на енергетски ефикасен кров.

Врз основа на Меморандумот за соработка, трошоците за подготовка на техничката документација подеднакво ќе се споделат по 1/2, помеѓу општина Ѓорче Петров и Хабитат Македонија, кои трошоци ќе изнесуваат не повеќе од 5% од инвестиционата вредност за реновирање на станбената зграда, кои средства општината ќе ги исплаќа од Програма ГД.

**Член 19**

Хабитат Македонија со свои стручни служби ќе ја изработува техничката документација за имплементација на мерките за обезбедување поддршка во подобрувањето на енергетската ефикасност во згради за колективно домување во Општина Ѓорче Петров.

Техничката документација за реновирање на станбената зграда ќе содржи технички опис, приказ на постоечката и новопланираната состојба на фасадата и кровот со предмер, опис и количини на дефинираните мерки за подобрување на енергетска ефикасност на станбената зграда, односно техничка спецификација.

**Член 20**

Врз основа на техничката документација за реновирање на станбената зграда ќе се процени инвестиционата вредност на мерките за енергетска ефикасност, а конечната вредност која ќе се субвенционира од страна на општина Ѓорче Петров ќе се утврди на основа на доставената најниска понуда од страна на понудувачите.

**Завршни одредби**

**Член 21**

Правилникот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-3026/10** — **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 31.08.2018 година** — **Претседател,**
**С к о п је** — **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства на Здружение на граѓани ФК „Волково Јуниор“ - Скопје**

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на Здружение на граѓани ФК „Волково Јуниор“ - Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на на Петнаесеттата седница на Советот, одржана на ден 31.08.2018 година.

**Број 09-3152/9**
**од 31.08.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 22-а од Законот за спорт (Службен Весник на Р.М. бр. 29/2002; 66/2004; 83/2005; 81/2008; 18/2011; 51/2011; 64/2012; 148/2013; 187/2013; 42/2014; 138/2014; 177/2014; 72/2015; 153/2015; 6/2016; 55/2016; 61/2016 и 106/2016), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година број 08-3724/4 од 26.12.2017 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.20/2017), Советот на Општина Ѓорче Петров на 15-тата Седница одржана на ден 31.08.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства на Здружение на граѓани**
**ФК „Волково Јуниор“ - Скопје**

**Член 1**

На Товар на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2016 година - Л0 Спорт и рекреација- позиција 463120 - Трансфер до спортски клубови, на Здружение на граѓани ФК „Волково Јуниор“ - Скопје, се доделува износ од 205.000,00 денари, како финасиска подршка за покривање на трошоци за организирање на традиционален турнир во мал фудбал „Ге Ге КУП “ 2018 година.

**Член 2**

Средствата да се уплатат на име Здружение на граѓани ФК „Волково Јуниор“ - Скопје, на жиро сметка број 300000003507265, Комерцијална Банка а.д. -Скопје.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-3026/11**
**од 31.08.2018 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**